Република Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ОДУ број 431/18
Книга XIII

# НОТАРСКИ АКТ – ИЗВОРНИК

17 мај 2018 година ------------------------------------------------------------------------
(две илјади и осумнаесетта година, мај, седумнаесетти) ----------------------
Во Скопје, во 14 (четиринаесет) часот, 0 (нула) минути.------------------------

Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул. Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 17 мај 2018 година (две илјади и осумнаесетта година, мај, седумнаесетти), на покана од ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. Орце Николов број 54 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во просториите на хотелот Парк хотел и спа – Скопје, сала за состаноци (Executive Lounge), на ул. 1732 број 4 во Скопје, со почеток во 14 (четиринаесет) часот и 0 (нула) минути, при што, во согласност со одредбите од Законот за нотаријатот, и членот 407 во врска со членот 383, став 3, од Законот за трговските друштва, го составив следниот -----------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

## ЗАПИСНИК ОД XL СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИТЕ на ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: -------------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар, издадена од Централниот регистар на Република Македонија, од која утврдив дека ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. Орце Николов број 54 во Скопје, е запишана во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Македонија, со ЕМБС 5004756; -------------------------------------------------
2. Акционерската книга на Банката, со состојба на ден 15.05.2018 година, во 14 часот, 20 минути, 22 секунди, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 516.350 и вкупен број на гласови 516.350, од кои со право на глас на ден 17.05.2018 година – 510.532; -----------------------------------------------------

3. Јавен повик за учество на XL седница на Собранието на акционери на Охридска Банка АД Скопје; ---------------------------------------------------
4. Списокот на пријавените и присутни акционери, лично или преку полномошник, на седницата на Собранието, со бројот на акции, односно гласови. Од наведениот список, по неговата верификација, се утврди дека на седницата на Собранието се присутни вкупно 10 (десет) акционери на Банката кои се сопственици на обични акции со право на глас на 17 мај 2018 година и нивни застапници или полномошници, со вкупно 420.977 гласа, што претставува 82,458 % од вкупниот број на обични акции со право на глас. Списокот на присутни акционери на Банката, лично или преку нивни застапници или полномошници, претставува составен дел на овој Записник. -------
-----------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори г. Иван Голабоски, кој претседавал на претходната седница на Собранието на акционери на Банката, кој ги поздрави присутните, а особено г. Жан-Филип Гијом – супервизор за Охридска банка АД Скопје и претседател на Надзорниот одбор на Банката, и г. Алан Кону – супервизор за Охридска банка АД Скопје и член на Надзорниот одбор на Банката, и појасни дека во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на Банката, потребно е да се изберат претседавач на Собранието, комисија за броење на гласовите и записничар-нотар, по што побара од присутните да предложат кандидат за претседавач на Собранието. Од страна на еден акционер, за претседавач на Собранието беше предложен г. Иван Голабоски. Со оглед на тоа што немаше други предлози, се стави на гласање предлогот за претседавач со Собранието да се избере г. Иван Голабоски. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За предлогот за избор на г. Иван Голабоски акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %) и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). -----------------------------------------------------
Г. Иван Голабоски констатира дека за претседавач со Собранието на акционерите едногласно е избран г. Иван Голабоски. ---------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот г. Иван Голабоски, со живеалиште на бул. Туристичка број 30 во Охрид, чијшто идентитет го утврдив преку увид во лична карта број А1224869 ЕМБГ 0408940430002, издадена 20.01.2012 година од МВР Охрид, за кандидати во комисијата за броење на гласови ги предложи г. Горан Мартиноски, полномошник на акционерот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје, и г. Коста Ивановски, полномошник на Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ Пензиски фонд Скопје и Отворен доброволен фонд пензиски фонд НЛБ Пензија плус Скопје. Со оглед на тоа што немаше други предлози, се стави на гласање предлогот за членови на комисијата за броење на гласови да се изберат г. Горан Мартиноски, полномошник на акционерот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје, и г. Коста Ивановски, полномошник на Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ Пензиски фонд Скопје и Отворен доброволен фонд пензиски фонд НЛБ Пензија плус Скопје.

Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За предлогот за избор на г. Горан Мартиноски, полномошник на акционерот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје, и г. Коста Ивановски, полномошник на Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ Пензиски фонд Скопје и Отворен доброволен фонд пензиски фонд НЛБ Пензија плус Скопје, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %) и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). -----
--------------------------------------------------------------------

Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека за членови на комисијата за броење на гласови едногласно се избрани г. Горан Мартиноски, полномошник на акционерот КБ Прв отворен задолжителен фонд Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје, и г. Коста Ивановски, полномошник на Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ Пензиски фонд Скопје и Отворен доброволен фонд пензиски фонд НЛБ Пензија плус Скопје. ------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------

Претседавачот г. Иван Голабоски појасни дека записникот од седницата на Собранието ќе го води нотар, и за записничар ја предложи Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје. Со оглед на тоа што немаше други предлози, Претседавачот го стави на гласање предлогот за записничар на седницата на Собранието да биде избрана Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За предлогот за избор на Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %) и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). --------------------------------

Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека за записничар на седницата на Собранието едногласно е избрана Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје. ---------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот го покани г. Горан Мартиноски да им го прочита на присутните акционерите, односно нивни полномошници и застапници, Извештајот за мандатите на претставниците на акционерите на 40-тата седница на Собранието на Охридска банка АД Скопје, изготвен од Комисијата за броење на гласови и, откако истиот беше прочитан, отвори расправа по Извештајот. Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори расправата и Извештајот го стави на гласање. За усвојување на Извештајот за мандатите на претставниците на акционерите, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %) и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). ---------------------------------------------------

Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека Извештајот за мандатите на претставниците на акционерите на 40-тата седница на Собранието на Охридска банка АД Скопје е усвоен едногласно, дека има кворум за Собранието да може полноважно да работи и да одлучува и ги покани присутните акционери, односно нивните полномошници и застапници, кои се заинтересирани за точноста на наводите во Извештајот, да извршат увид во Списокот на присутните

акционери, односно на нивните полномошници и застапници, во кој тие се уредно потпишани.-----------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот за работниот дел на Собранието предложи да се утврди следниот ---------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Дневен ред

-----------------------------------------------------------------------------------------------

1.Утврдување на дневниот ред од работниот дел. ---------------------------
2.Усвојување на Записникот од XXXIX седница на Собранието на акционери на Банката. ---------------------------------------------------------------
3. Воведно излагање на претседателот на Управниот одбор на Банката. --------------------------------------------------------------------------------
4. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со ---------------------------------------------------------------------
– Предлог-одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно.--------------------------------------------
5. Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година со писмено мислење изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со ----------------------------------------------------------------
– Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење. ---------------------------------------------------------------------------
6. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје, со мислење на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје, и писмено мислење по него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со --------------------------------------------
– Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење.----------------------------------
7. Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, со --------------------------------------------------------
– Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и-----------------
– Предлог-одлука за усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со годишната сметка за 2017 година.--------------------------------------------
8. Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска банка АД Скопје според годишната сметка за 2017 година. ----------------------------------------------
9. Предлог-одлука за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје. -----------------
10. Предлог-одлука за назначување на друштво за ревизија за работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година. ---------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ги покани присутните со гласање да се изјаснат за утврдување на предложениот дневен ред. За утврдување на дневниот ред акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %), и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). ---------------------------------------------------------------------
Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека дневниот ред е утврден едногласно и дека работата на Собранието ќе продолжи според утврдениот дневен ред. ---------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на втората точка од дневниот ред – Усвојување на Записникот од XXXIX седница на Собранието на акционери на Банката. Претседавачот отвори расправа по записникот од XXXIX седница на Собранието на акционери на Банката. Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ги покани присутните со гласање да се изјаснат за усвојување на Записникот. За усвојување на записникот од XXXIX седница на Собранието на акционери на Банката акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %), и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). ----
Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека записникот од XXXIX седница на Собранието на акционери на Банката е усвоен едногласно. --
---------------------------------------------------------------------------------------------

По третата точка од дневниот ред – Воведно излагање на претседателот на Управниот одбор на Банката, Претседавачот ја покани да земе збор г-ѓа Бранка Павловиќ, претседател на Управниот одбор на Охридска Банка АД Скопје. -------------------------------------------------------------------------
Во своето обраќање пред присутните акционери, односно нивните полномошници и застапници, г-ѓа Бранка Павловиќ наведе дека во 2017 година групацијата Сосиете Женерал има остварено добар прогрес, со остварен профит од 4,5 милијарди евра, што е за 18,4 % повисоко од претходната година, и дека тој остварен резултат е одраз на добрите комерцијални и оперативни перформанси во сите бизнис-линии и на соодветно воспоставената строга контрола врз трошоците и ризиците и дека тој резултат е постигнат благодарение на добро балансираниот банкарски модел, стекнатата доверба од потрошувачите и посветеноста на вработените. Истакна дека банкарскиот сектор во Република Македонија се покажал отпорен во 2017 година, и покрај неповолните трендови во економијата и скромниот раст на БДП. Каматните стапки биле пониски дури и од претходната година, странските инвестиции не се одвивале во согласност со очекуваното и покрај разрешената политичка криза и стабилизираната влада. Како посебно значаен елемент во 2017 година г-ѓа Бранка Павловиќ ја потенцираше стабилноста на девизниот курс и на депозитите благодарение на строгата монетарна политика спроведувана од Народната банка на Република Македонија.
Во вакво опкружување, стратегијата на Банката била да се продолжи со трансформацијата, започната пред неколку години, за натамошна оптимизација на трошоците, зголемување на ефикасноста и позиционирање на Банката како модерна и иновативна банка на пазарот. Во ноември 2017 година Банката прослави 10 години од постоењето на групацијата Сосиете Женерал на пазарот со проектот Чиста десетка,

наградувајќи ја најдобрата бизнис-идеја со 10.000,00 евра, придонесувајќи со тоа за развојот на претприемачкиот дух  кај младата популација. Следејќи ги резултатите од спроведените анкети за задоволството на клиентите, Банката ја подобри својата понуда во сите сегменти и лансира нови производи, како што се бесконтактната картичка и пакетите за малопродажните клиенти. --------------------------------
Во 2017 година целиот тим на Банката беше насочен кон остварување на целите така што е постигнат одличен пораст на бруто оперативниот приход пред резервации од 9 % во споредба со претходната, исто така, одлична година. Најголем двигател на ваквите достигнувања се кредитите кои достигнале ниво од 27,5 милијарди денари, што значи пораст од 7,9 % споредено со минатата година, а кој раст е повисок од растот во банкарскиот сектор кој изнесува 5,7 %. Пазарното учество кај вкупните кредити е зголемено од 9,1 % на 9,3 %. ---------------------------------
Од друга страна, нето-добивката на Банката била значително погодена од два нефункционални корпоративни кредита, кои ги зголемиле резервациите во 2017 година за 60 % споредено со претходната година, а ова претставува најголем предизвик што Охридска банка АД Скопје го имала во блиската историја. Сепак, благодарение на веќе споменатите одлични перформанси, Банката ја заврши минатата година со добра нето-добивка од 350 милиони денари. ----------------------------------------------
За остварените одлични резултати и развој Охридска банка АД Скопје втора година по ред беше наградена од најважните светски авторитети во банкарската индустрија – „Euromoney“ и „Global Finance“, како најдобра банка во Република Македонија за 2017 година. Исто така, Банката ги исполни новите повисоки капитални барања и другите регулаторни барања пропишани од Народната банка на Република Македонија во минатата година. -------------------------------------------------------------------------------------------
Г-ѓа Бранка Павловиќ истакна дека ѝ претставува задоволство што трета година по ред Банката му предлага на Собранието на акционери дел од добивката да биде распределена за исплата на дивиденда.
На крајот од своето излагање г-ѓа Бранка Павловиќ наведе дека целиот тим на Охридска банка АД Скопје е посветен на остварување на поставените цели за 2018 година, кои се амбициозни, и на продолжување со добрите перформанси, дотолку повеќе што во април 2018 година Банката по трет пат ја доби наградата која ја доделува „Global Finance“  на Светска банка за најдобра банка во Република Македонија за 2018 година. -------------------------------------------------------------
Претседавачот ѝ  се заблагодари на г-ѓа Бранка Павловиќ, претседател на Управниот одбор на Охридска банка АД Скопје, на исцрпното излагање и предложи по четвртата, петтата и шестата точка, кои се од извештајна природа и за кои материјалите им се претходно доставени на акционерите, да се води заедничка расправа, а потоа да се гласа поодделно за секоја од точките. Пред да се започне со расправата по овие точки, Претседавачот го покани претставникот на ревизорската куќа Ернст и Јанг, овластени ревизори ДОО Скопје, г. Владимир Соколовски, да земе збор и да ги запознае акционерите  со позначајните делови на ревизорскиот извештај.  ---------------------------------------------------------------------------------

Во своето излагање претставникот на ревизорската куќа Ернст и Јанг, овластени ревизори ДОО Скопје, г. Владимир Соколовски, образложи дека ревизијата е извршена во согласност со законот и дека е дадено позитивно мислење за материјално-финансиското работење на Банката врз основа на податоци кои се реални и објективни и се понуди да одговори на прашања на акционерите во врска со извештаите. -------------------------------

Од страна на еден акционер беше поставено прашање дали задржаната добивка која е искажана во извештаите може да послужи за распределба на акционерите. ---------------------------------------------------------

Претставникот на ревизорската куќа Ернст и Јанг, овластени ревизори ДОО Скопје наведе дека во конкретниот случај се работи за податок даден во извештаите на Банката, поради што е подобро одговор да биде даден од страна на претставници на Банката. -----------------------------------------------------------------

Од страна на лице од финансискиот сектор на Банката беше одговорено дека задржаната добивка е ограничена за распределба на дивиденда поради вклучување во пресметката на сопствените средства. Според регулативата за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, тоа е еден од условите што треба да е исполнет за задржаната добивка да биде дел од редовниот основен капитал. ---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по четвртата, петтата и шестата точка од дневниот ред. ---------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер кој праша дали е фиксна каматата од 4,22 % на новиот субординиран долг од 15 милиони евра. ---------------------------------

Од страна на лице од финансискиот сектор на Банката беше одговорено дека каматата е фиксна за период од 10 години, рочноста на кредитот е 10 години, а Банката има право за преговарање на каматната стапка по истекот на 5 години од склучување на договорот. --------------------------------------------------------------------------------------

Истиот акционер се јави за збор и изрази задоволство од постигнатата каматна стапка, за која смета дека е поволна, и му честита на менаџментот на Банката кој во тешките услови во минатата година успеал да обезбеди добар раст и добра добивка за Банката, така што и оваа година Банката ќе дели дивиденда, а истовремено упати предлог до менаџментот на Банката, доколку постои можност, да ги зголеми платите на вработените во Банката. -------------------------------------------------

За збор се јави акционер кој предложи задржаната добивка да им биде распределена во форма на акции како скрит-емисија на сите акционери што би било од влијание за раздвижување на пазарот на акции. -----------

За збор се јави акционер кој праша дали направените резервации за минатата година за двата нефункционални корпоративни кредита се конечни и зошто ставката Исправка на вредност е изразена како нула и дали Банката нема преземени средства за наплата на побарувања, бидејќи оваа позиција со 31.12.2017 г. во билансот на Банката е нула ----

Од страна на г-ѓа Бранка Павловиќ беше одговорено на првото прашање на акционерот, дека направените резервации за овие кредити се во висина од 70 %, а за понатамошните дејствија на Банката ќе се одлучува во зависност од условите. ---------------------------------------------------------------

По однос на второто прашање на акционерот, од страна на Никола Миткоски , директор на Секторот за управување со ризици и член на УО, беше одговорено дека генерална политика на Банката е да не презема имоти за наплата на нефункционални побарувања, туку во извршната постапка да се труди да најде интересенти за купување на имотите кои се колатерал за побарувањата, додека ставката Исправка на вредноста на нефинансиските средства во билансите е нула бидејќи за претходно преземените средства Банката има издвоено оштетување од 100 %. -----------------

За збор се јави акционер кој праша, со оглед на порастот од 30 % на акциите на Банката, дали менаџментот на Банката би можел да сподели некоја ценовно чувствителна информација со акционерите за којашто тоа е дозволено.------------------------------------------------------------------------------

Од страна на г-ѓа Бранка Павловиќ беше одговорено дека ваквите информации не смеат да бидат коментирани. ------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за збор, Претседавачот ја затвори расправата по овие точки, по што се премина на поединечно гласање по секоја од точките. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По четвртата точка од дневниот ред – Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со Предлог-одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно, Претседавачот ја стави Предлог-одлуката на гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %), и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). ----------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По петата точка од дневниот ред – Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година со писмено мислење за него изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење, Претседавачот ја стави Предлог-одлуката на гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %), и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0%). -------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По шестата точка од дневниот ред – Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје по Годишната сметка за 2017 година, со мислење на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје, и писмено мислење по него изготвено од Надзорниот одбор на Банката, со Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење, Претседавачот ја стави Предлог-одлуката на гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа Ернст и Јанг, овластени ревизори ДОО од Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %) и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). --------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа Ернст и Јанг, овластени ревизори ДОО Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието продолжи да работи по седмата точка од дневниот ред – Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, со Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и Предлог-одлука за одобрување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со Годишната сметка за 2017 година. Претседавачот отвори расправа по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ја заклучи расправата и ја стави Предлог-одлуката за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година на гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %) и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0%). -----------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот ја стави на гласање Предлог-одлуката за одобрување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со Годишната сметка за 2017 година. За усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со Годишната сметка

за 2017 година, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %) и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). ---------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за одобрување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со Годишната сметка за 2017 година. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По осмата точка од Дневниот ред – Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска банка АД Скопје според Годишната сметка за 2017 година, Претседавачот отвори расправа. ---------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Предлог-одлуката на гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска банка АД Скопје според Годишната сметка за 2017 година, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласав ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %) и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). ---------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска банка АД Скопје според Годишната сметка за 2017 година. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По деветтата точка од Дневниот ред – Предлог-одлука за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје, Претседавачот појасни дека, според Одлуката на НБ на РМ за основните начела и принципи за корпоративно управување на банка, Кодексот за корпоративно управување на Банката најмалку еднаш е предмет на ревидирање, поради што се предлага да биде усвоена предложената одлука за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на банка, одобрен со Одлука на Собранието СО број 0201-26237/9-1 од 11.05.2017 година, по што отвори расправа. ---

Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Предлог-одлуката на гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Банката, одобрен со Одлука на Собранието СО број 0201-26237/9-1 од 11.05.2017 година, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %) и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Банката, одобрен со Одлука на Собранието СО број 0201-26237/9-1 од 11.05.2017 година.-----------------------------------------------

По десеттата точка од дневниот ред – Предлог-одлука за назначување на друштво за ревизија за работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година, Претседавачот отвори расправа. ---------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Предлог-одлуката на гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за назначување на друштвото Ернст и Јанг, овластени ревизори ДОО Скопје за друштво за ревизија за работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година, акционерите, односно нивните полномошници и застапници, се изјаснија со 420.977 гласа ЗА (100 %), 0 гласа ПРОТИВ (0 %), и 0 гласа ВОЗДРЖАН (0 %). -------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за назначување на друштво за ревизија за работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и нивни полномошници за нивното присуство и учество во работењето на Собранието, по што ја затвори седницата во 14 (четиринаесет) часот и 40 (четириесет) минути. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој записник лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. ----------------------------------
Учесникот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ---------------------------------------------------------------
Овој записник е составен на единаесет страници од единаесет листа. На учесникот му е издаден еден извод, како и по еден извод за Народната банка на Република Македонија, Централниот регистар на Република Македонија, и Централниот депозитар за хартии од вредност. Изворникот на нотарскиот акт се чува во мојата архива. -----------------------
Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. ---------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана во износ од 10.000,00 денари, во согласност со членот 41, точка 1, од Нотарската тарифа. ----------------------

За Учесникот во постапката, претседавачот г. Иван Голабоски

______________________________

Нотар
Зорица Пулејкова